## Европски високообразовен простор

## Постигнувања на целите

Комунике од Конференцијата на Европските
Министри за високо образование во Берген
19-20 мај 2005 година

Ние, министрите одговорни за високото образование на членките учеснички во Болоњскиот процес, се сретнавме за среднорочно разгледување и поставување на цели и приоритети за 2010 година. На оваа Конференција, им пожелавме добредојде на Ерменија, Азербеџан, Грузија, Молдавија и Украина како нови земји учеснички во Болоњскиот процесот. Ние сите имаме заедничко разбирање за принципите, целите и заложбите на процесот изразен во Болоњската декларација и во комуникета што произлегоа од Министерските конференции во Прага и Берлин. Ние го потврдуваме нашето залагање да ги координираме нашите политики преку Болоњскиот процес за да создадеме Европски високообразовен простор (ЕВП) до 2010 година, и се злагаме да им помогнеме на новите земји учеснички да ги имплементираат целите на процесот.

### I. Партнерство

Ја нагласуваме централната улога на високообразовните установи, нивниот кадар и студентите како партнери на Болоњскиот процес. Нивната улога во спроведувањето на процесот станува најважна сега кога, во најголем број случаи, потребните реформи во правната регулатива се извршени и ние ги охрабруваме да ги продолжат и интензивираат нивните напори во воспоставувањето на ЕВП. Ние ја поздравуваме јасната заложба на високообразовните установи за овој процес низ цела Европа, и ние знаеме дека е потребно време да се оптимизира влијанието на структурните промени во студиските програми и на тој начин да се обезбеди воведување на иновативни наставни процеси кои и се потребни на Европа.

Ја поздравуваме поддршката на организациите кои го претставуваат бизнисот и социјалните партнери и очекуваме да ја интензивираме соработката за постигнување на целите на Болоњскиот процес. Ние понатаму ги поздравуваме придонесите од меѓународните институции и организации кои се партнери во процесот.

## II. Согледувања за напредокот

Да го спомнеме значајниот прогрес постигнат во нашите цели поставени во Генералниот извештај 2003-2005 на Групата за следење на Болоњскиот процес, (ГСБП) во Извештајот на ЕАУ “Трендови IV” и Извештајот на ESIB “ Болоња со очите на студентот”.

На нашиот состанок во Берлин, побаравме од Групата за следење на Болоњскиот процес среднорочно согледување на напредокот, со особен фокус на трите приоритети - систем на дипломи; обезбедување на квалитет и признавање на дипломи и периоди на студирање. Од извештајот се гледа дека е постигнат одржлив напредок во овие три приоритетни области. Ќе биде важно да се обезбеди конзистентност на прогресот во сите земји учеснички. Затоа, ја согледавме потребата за поголем степен на размена на експертизата за градење на капацитети на институционално и на владино ниво.

### Систем на степени

Со задоволство бележиме дека дво-цикличниот систем на степени е претежно имплементиран, повеќе од половина студенти се запишани во таков систем во повеќето земји. Меѓутоа, сеуште има некои пречки во преминот помеѓу степените. Понатаму, постои потреба од поголем дијалог, каде би се вклучиле Владите, установите и социјалните партнери за зголемување на можностите за вработување на дипломирани студенти со “бачелор” квалификации, вклучувајќи и соодветни работни места во јавниот сервис.

Ние ја прифативме сеопфатната рамка на квалификации во Европскиот високообразовен простор, која се состои од три циклуси (вклучувајќи, во национален контекст, можност за меѓу-квалификации), генерички дескриптори за секој циклус базирани на стекнатите знаења и компетенции, како и распонот на кредитите во првиот и вториот циклус. Се заложуваме да ги елабoрираме националните рамки на квалификации за квалификации, кои ќе бидат компатибилни со сеопфатната рамка на квалификации во ЕВП до 2010 година, а до 2007 да започнеме да работиме на ова. Ние бараме, Групата за следење на Болоњскиот процес да даде извештај за имплементацијата и понатамошниот развој на сеопфатната рамка.

Ја нагласуваме важноста од обезбедување на комплементарност помеѓу сеопфатната рамка на Европскиот високообразовен простор и предложената поширока рамка за квалификации за доживотно учење опфаќајќи го

и општото образование како и стручното образование и обука  како што сега се развиваат во Европската унија и во земјите учеснички на Болоњскиот процес. Ние бараме Европската комисија, како што ќе се одвива развојот на работите, да ги консултира сите страни во Болоњскиот процес.

## Обезбедување на квалитет

Скоро сите земји имаат направено услови за обезбедување на квалитет врз основа на критериумите поставени во Берлинското комунике и тоа со висок степен на соработка и вмрежување. Меѓутоа, сеуште треба да се работи, особено што се однесува на вклучување на студентите и меѓународната соработка. Понатаму, ние инсистираме високообразовните установи да ги продолжат своите напори за зголемување на квалитетот на нивните активности по пат на систематско воведување на интерни механизми и нивна директна корелација со надворешното обезбедување на квалитет.

Ние ги прифативме стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет во ЕВП како што беа предложени од ENQA. Се заложуваме за воведување на модел за “peer review” на агенциите за обезбедување на квалитет на национално ниво, со почитување на заеднички прифатените упатства и критериуми. Ние го поздравуваме принципот на Европски регистар на агенции за обезбедување на квалитет, базирани на национален преглед. Ние бараме, ENQA, во соработка со EAU, EURASHE и ESIB, да работат на натамошен развој на практични упатства за имплементација, и да подготват повратен извештај до нас преку Групата за следење на Болоњскиот процес. Ја нагласуваме важноста за соработката помеѓу национално признаените агенции во поглед на заедничкото признавање на акредитацијата или одлуките за обезбедување на квалитет.

## Признавање на  степени и периоди на студирање

Ние напомнуваме, досега, дека 36 од 45 земји учеснички ја ратификувале Лисабонската конвенција. Ги поттикнуваме оние кои го немаат сторено тоа, да ја ратификуваат Конвенцијата без одлагање. Ние се залагаме за целосно имплементирање на нејзините принципи и нивно инкорпорирање во националната легислатива. Ги повикуваме сите земји учеснички да ги разгледаат проблемите при нострификацијата, идентификувани од ENIC/-NARIC мрежите. Ние ќе направиме национални акциони планови за подобрување на квалитетот на процесот поврзан со признавањето на странските квалификации. Овие планови ќе бидат дел од националните извештаи за наредната Министерска конференција. Ја изразуваме поддршката за пратечките текстови кон Лисабонската конвенција за признавање и ги повикуваме сите национални органи и други партнери да ги признават заедничките дипломи доделени во две или повеќе земји во Европскиот високообразовен простор.

Ние го гледаме развојот на националните и Европските рамки на квалификации како една можност за понатамошно вклучување на доживотното учење во високото образование. Ние ќе работиме со високообразовните установи и со другите за да се подобри признавањето на претходното учење, вклучувајќи го, онаму каде што е можно, неформалното и информалното учење, за пристап во високото образование и како елементи во програмите за високо образование.

## III . Понатамошни предизвици и приоритети

### Високо образование и истражување

Ние, ја нагласуваме важноста на високото образование во идното зајакнување на науката и важноста на истражувањето во поддржувањето на високото образование за економскиот и културен развој на нашите општества и за социјална кохезија. Ние, бележиме дека напорите за воведување на структурни промени и подобрување на квалитетот на наставата, нема да се намалат од напорот за зајакнување на истражувањата и иновациите. Затоа, ние ја нагласуваме важноста на истражувањето и обуката во истражувањето во одржувањето и подобрувањето на кавлитетот и зајакнувањето на компетитивноста и актарктивноста на ЕВП. Во поглед на постигнување на подобри резултати, ние ја признаваме потребата за подобрување на синергијата помеѓу високообразовниот сектор и другите истражувачки сектори во нашите земји и помеѓу ЕВП и Европскиот простор на истражувањето.

За да се постигнат овие цели, докторското ниво на квалификации треба да биде усогласено со сеопфатната рамка за квалификации во ЕВП, со примена на пристапот за постигнати резултати. Главна компонента на докторската обука е унапредување на знаењето по пат на оригинално истражување. Имајќи ја во вид потребата за структурирани докторски програми и потребата за транспарентен надзор и оценување, ние напомнуваме дека нормалното работно оптеретување во третиот циклус во повеќето земји би одговарало на 3-4 години редовни студии. Ние ги поттикнуваме универзитетите да обезбедат нивните докторски програми да промовираат интердисциплинарна обука и развој на пренosливи вештини, со што ќе се задоволат потребите на поширокиот пазар на трудот. Потребно е, гледано во целина, да постигнеме зголемување во бројот на докторанти со истражувачка кариера во рамките на ЕВП. Ние ги сметаме учесниците во програмите од третиот циклус и за студенти и за истражувачи во рана фаза. Ги задолжуваме членовите на Групата за следење на Болоњскиот процес да ја поканат Европската асоцијација на универзитетите, заедно со други заинтересирани партнери, да подготват извештај што ќе биде во надлежност на Групата, за понатамошниот развој на базичните принципи за докторски програми, кој ќе биде презентиран на Министрите во 2007 година. Трба да се избегне преголемото регулирање на докторските програми.

**Социјална димензија**

Социјалната димензија на Болоња процесот е составен дел на ЕВП и потребен услов за атрактивност и компетитивност на ЕВП. За таа цел, ја обновуваме нашата заложба за создавање квалитетно високо образование пристапно за сите и ја потенцираме потребата за соодветни услови за студентите, како би можеле да си ги завршат студиите без пречки кои се донесуваат на нивното социјално и економско потекло. Социјалната димензија вклучува мерки превземени од Владите за да им помогнат на студентите, особено на оние од социјално запоставените групи, од финансиски и економски аспект и да им обезбедат инструкции и совети во поглед на проширувањето на пристапот.

**Мобилност**

Ние признаваме дека мобилноста на студентите и кадарот од сите земји учеснички останува клучен услов на целите на Болоњскио процес. Свесни за многуте предизвици што остануваат и кои треба да се надминат, ние повторно ја потврдуваме нашата заложба за олеснување на обезбедувањето на стипендии и заеми онаму каде што е потребна заедничка акција, во поглед на обезбедувањето услови мобилноста во ЕВП да стане стварност. Ние ќе ги интензивираме нашите напори за отстранување на пречките за мобилност, со олеснување на добивањето на визи и работни дозволи и со поттикнување на учеството во програмите за мобилност. Ние ги поттикнуваме установите и студентите да ги користат во потполност програмите за мобилност, залагајќи се за потполно признавање на периодите на студирање во странство во рамккте на таквите програми.

**Атрактивност на ЕВП и соработка со другите делови на светот**

ЕВП мора да биде отворен и треба да биде атрактивен за другите делови на светот. Нашиот придонес за постигнување на образование за сите треба да се базира на принципот на одржлив развој и да биде во согласност со тековната меѓународна работа на развивање на прирачник за обезбедување на квалитет за меѓуграничното високо образование. Ние повторуваме дека во меѓународната академска соработка, треба да преовладеат академските вредности.

Ние го гледаме ЕВП како партнер на високообразовни системи во другите региони на светот, стимулирајќи балансирана размена на студенти и кадри и соработка помеѓу високообразовните установи. Ја нагласуваме важноста на меѓукултурно разбирање и почитување. Очекуваме зголемено разбирање на Болоња процесот на другите континенти, со размена на нашите искуства во процесите на реформи, со соседните региони Ја нагласуваме потребата за дијалог по прашања од заеднички интерес. Ја согледуваме потребата од идентификување на партнерски региони и интензивирање на размената на идеи и искуство со овие региони. Бараме од Групата за сле-

дење на Болоњскиот процес, да елаборира и усогаси стратегија за надворешната димензија.

## IV. Согледување на напредокот за 2007 година

Ја задолжуваме Групата за следење на Болоњскиот процес да го продолжи и да го прошири процесот на согледување на напредокот и на навремено известуавње за наредната Министерска конференција. Ние очекуваме ова согледување да биде базирано на соодветна методологија и да продолжи во областа на системот на степени, обезбедувањето на квалитет и признавање на степени и периоди на студирање и дека до 2007 година ние, во најголема мерка, ќе ја имаме завршено имплементацијата на овие три меѓу-приоритети.

Ние ќе бараме прогресс особено за:

- имплементација на стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет како што е предложено во извештајот на ENQA;
- имплементација на националната рамка за квалификации;
- доделување и признавање на заеднички дипломи, вклучувајќи докторско ниво;
- создавање можности за флексибилни патишта за учење во високото образование, вклучувајќи ги и процедурите за признавање на претходното учење.

Исто така, ја задолжуваме Групата за следење на Болоњскиот процес, да презентира компаративни податоци за мобилноста на студентите и кадарот, како и за социјалната и економската состојба на студентите во земјите учеснички, како основа за идното согледување и навремено известување за наредната Министерска конференција. Идното согледување на состојбите ќе треба да ја земе во предвид социјалната димензија како што е погоре дефинирана.

## V. Подготовки за 2010

Базирајќи се на достигнувањата на Болоњскиот процес досега, ние сакаме да воспоставиме ЕВП базиран на принципите на квалитет и транспарентност. Ние мораме да го почитуваме нашето богато наследство и културната различност, допринесувајќи за општество базирано на знаење. Ние се заложуваме за почитување на принципот на јавна одговорност за високото образование во контекст на комплексните модерни општества. Бидејќи високото образование е на крстопат на истражувањето, образованието и иновациите, тоа, исто така, е клучот за Европската компетитивност. Како што се приближуваме до 2010 година, ние имаме обврска да осигураме високообразовните установи да ја имаат потребната автономија за имплементирање на договорените реформи, и ја согледуваме потребата за одржливо финансирање на институциите.

ЕВП е структуриран околу три циклуси, каде секое ниво има функција за подготвување на студентот за пазарот на трудот, за понатамошно градење на компетенции и за активно жителство. Сеопфатната рамка на квалификации, договореното множество на европски стандарди и упатства за обезбедување на квалитет и признавање на степени и периоди на студирање, се исто така клучни карактеристики на структурата на ЕВП.

Ние ја потврдуваме структурата за следење на процесот зацртана во Берлин, со вклучување на Меѓународната Паневропска структура (EI), Европската асоцијација за обезбедување на кавлитет (ENQA) и Унијата на конфедерациите на индустријалци и работодавачи на Европа (UNICE) како нови консултативни членови на Групата за следење на Болоњскиот процес.

Со тоа што Болоња процесот води кон воспоставување на ЕВП, ние треба да разгледуваме соодветни аранжмани кои се потребни за поддршка на континуираниот развој по 2010 година и ние бараме Групата за следење на Болоњскиот процес да ги испитуваа овие прашања.

Следната Министерска конференција ќе ја одржиме во Лондон 2007 година.